4807 ✓

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
26. XI. 1967, 7589, 8



Драган Поповски — Дада: СКУЛПТУРА II

Ликовна уметност

(Изложба во уметничката галерија во Скопје,

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА СКУЛПТУРА

(Паскал Гилевски)

Под овој наслов е отворена изложба во Уметничката галерија на нашиот град, и прикажани се по две-три творби на осумнаесетина македонски скулптори од разни генерации. Изложби од ваков карактер кај нас ретко се отвораат, па можеби заради тоа на оваа ликовна дисциплина скоро отсекогаш ѝ е претпоставено сликарството. Ние немаме уште скулптор со таква репутација каква што постигнале неколку наши сликари. А тоа не се однесува само за постарата генерација на нашата ликовна уметност, туку и за помладата Како да стана некаква традиција — побрзо може да се афирмира некој сликар отколку некој скулптор.

Се разбира, сликарството има една олеснителна околност. Тоа може многу полесно и без големи трошоци да се пренесува и на поголеми растојанија, додека комуникацијата со скулптурата е малку поделикатна. Сепак, ако ја разгледаме повнимателно нашата скулптура (тоа го имам кажано и во една друга можност), и ако ја споредиме со резултатите на нашето сликарство, ми се чини дека ова второво нема толку евидентно да отскокнува од другата дисциплина. А дека тоа не е така, причината треба да ја бараме во начинот на пропагирањето на скулптурата како целина, и посебно на одделни скулптори.

Меѓутоа, не треба да се помисли дека во тој план не е сторен никаков обид. Пролетта во Музејот на современа уметност од Скопје видовме една мошне солидно приготвена изложба на неколку млади скулптори. А сега оваа изложба во Уметничката галерија се обиде да опфати скулптори од повеќе генерации. Сепак, ни една та немаше претензии да ги исцрпе сите можности за претставување на оваа уметничка област.

Што се однесува конкретно до оваа изложба што е отворена деновиве во Уметничката галерија, може да се рече дека нејзината цел е отворена, под што сакам да кажам дека таа првенствено е насочена кон скулптурата како пови категоризации, односно, да се прават внатре во неа некакви категоризации, односно, да се одредуваат некакви историски или стилски проблеми во нашата скулптура. или да се фрли акцент врз неколку имиња што се типични за развитокот на македонската скулптура, а од друга страна да се редуцираат автори што се од второстепено значење во тој развиток. Меѓутоа, тогаш оваа изложба не би била панорама, туку би претставувала антологија на современата македонска скулптура. А за да се дојде до овој втор начин на репрезентација, неопходен беше да се оствари првиот. (Се разбира со извесни недостатоци, како што е на пример, отсуството на скулптури од Јордан Грабулоски и Петар Хаџи-Бошков).

Впрочем, во оваа панорама на современата македонска скулптура можеме да се сретнеме со дела на осумнаесетина скулптори, кои не се распоредени по генерациски ред, но тоа како што спомнав и не беше претензија на оваа изложба. Сепак, можемде да добиеме претстава за неколку карактеристични настојувања во нашата современа скулптура.

За реалистичките интересирања, на пример, тука ги сретнуваме двете дела на ветеранот на нашата современа скулктура Димо Тодоровски: „Портрет на мајка ми“ и „Јама“. Првата скулптура е работена со познатата студиозност и одмереност на овој скулптор, додека во втората е дадена драмата на едно време, како сугестивен и потресен уметнички документ. Портретите на Рашко Муратовски тргнуваат од поуките на реализмот, но во понатамошниот процес тие добиваат импресионистички црти. Не е чудно овој скулптор ако го наречеме претставник на нашиот импресионизам во скулптурата.

Скулптурата на Боро Митриќески може да се гледа како синтеза на повеќе стилови, но и тој, како и Муратовски, тргнува од реализмот, а завршува со извесна надреалистичка каденца, што потсетува на фигурите од Алберто Ѓакомети. Присуство на повеќе стилови се наоѓа и во скулптурите на Илија Аџиевски и на Боро Крстевски.

Инаку најголемиот дел на оваа изложба им е посветен на помладите скулптори, кои се јавија во последните две-три години. Драган Поповски — Дада ни се претставува со скулптоури во дрво, каде што главно внимание им обрнува на композициските проблеми, доведувајќи ја скулптурата до извесна архитектоника (како и Душан Џамоња), но која е исполнета со чувство и со мерка. Насо Беќаровски во поглед на обликувањето на дрвото е инспириран малку од Драган Поповски, како што Васил Василев може да се доведе до сличност со Борис Николовски, се разбира, само што едните скулптури се изработени во дрво, а другите во гипс. Но најголема сличност постои меѓу металните скулптури на Томислав Андреевски и на Стефан Маневски. Тука мораме да му забележиме на Андреевски дека мошне упадливо користи во своите композиции некои елементи што порано ги има покажано Маневски. Дали со тоа Андреевски не ги изневерува своите порано постигнати резултати, особено кога станува збор за обработка на торзо, каде што тој секогаш имаше да каже нешто интересно. Разбирливо е дека кај младите уметници кои работат заедно или под исти услови, често се доаѓа до слични резултати, но потребно е малку поголемо задлабочување во сопствените извори, каде што се наоѓаат и вистинските уметнички плодови, кои треба само да се преработат со сопствените методи и [illegible] изразни сред-

